РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-773/2
10.03.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 4. Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 2.3.2026 година

**Членови на Советот на Агенцијата присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Сашо Стефановски, м-р Зирјета Јајага, м-р Гордана Мајнова, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска и Виктор Павловски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Петар Џуровски (годишен одмор).

На седницата преку видеоконференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Вработени од Стручната служба присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, д-р Ивана Стојановска, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска-Јотевска, Сергеј Тодоровски.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, ја отвори 4. Јавна седница на Советот. Седницата почна во 15:30 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

Претседателот Стефановски, во однос на предложениот дневен ред, информираше дека Точката бр. 2 – „Образложение од ТРД Прва Скопска ТВ ДООЕЛ Скопје (ТВ МТМ Скопје), во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување“ ќе биде повлечена, со оглед дека радиодифузерот во меѓувреме ги исполнил законските обврски.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот коригиран:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Образложение од Друштвото со ограничена одговорност за радио-дифузија Митаноски Веле СУПЕР РАДИО Охрид ДООЕЛ, во врска со постапката за бришење од регистарот на радиодифузери.
2. Разно.

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, констатираше дека на седницата, која се одржуваше преку видеоконференциска врска, не присуствува претставник на Друштвото со ограничена одговорност за радиодифузија Митаноски Веле Супер Радио Охрид ДООЕЛ.

Со оглед дека седницата, согласно законот, беше закажана со цел медиумот да даде образложение во врска со постапката за негово бришење од Регистарот на радиодифузери, а претставник не се јави на седницата, претседателот ја затвори седницата.

**Точка 2**

**Разно**

Немаше дискусија под „Разно“.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**